# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИНСПЕКЦИЈАТА НА ТРУД

**Член 1**

Во Законот за инспекцијата на труд („Службен весник на Република Македонија“ број 35/97, 29/2002, 36/11, 164/13, 44/14, 33/15, 147/15 и 21/18), членот 3-а се брише.

**Член 2**

Членот 7 се брише.

**Член 3**

Членот 8 се менува и гласи:

„Покрај условите предвидени со Законот за инспекциски надзор, инспекторот треба да има завршено еден од следниве факултети: правен, машински, градежен, архитектонски, електро, технолошки факултет или факултет за заштита при работа.“

**Член 4**

Во член 14 ставовите 3, 4 и 5 се бришат.

**Член 5**

Во член 17 точката 1) се менува и гласи:
„со решение да му изрече опомена, во определен рок да ги отстрани неправилностите и недостатоците утврдени со записник.“

**Член 6**

По членот 17 се додава нов член 17-а, кој гласи:

„Член 17-а

Инспекторот води евиденција за изречените опомени.

Начинот на водење на евиденцијата од ставот 1 на овој член, ја пропишува министерот за труд и социјална политика.“

**Член 7**

Во членот 19 став 1 зборот „осум“ се заменува со бројот „15“.

**Член 8**

Членот 22 се менува и гласи:

„(1) Глоба во износ 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на микро и мал работодавач - правно лице, глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност на среден работодавач - правно лице и глоба во износ од 2.000 до 3.000 евра во денарска противвредност на голем работодавач - правно лице, ако:
1) го спречи, односно попречува инспекторот во вршењето на работите на инспекцискиот надзор (членови 10, 11 и 12 од овој закон) и
2) ги отпечати запечатените работни простории, работни места или орудија за работа на механизиран погон на работодавецот (член 18 ставови (1) и (2) од овој закон).

(2) Глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член на одговорното лице во правното лице кај микро и мал работодавач, глоба во износ од 400 евра во денарска противвредност кај среден работодавач и глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност кај голем работодавач.

(3) Глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член на работодавач - физичко лице.

(4) За прекршокот од ставот (1) на овој член, на одговорното лице кај работодавачот ќе му се изрече и мерка забрана на вршење на професија, дејност или должност од најмалку три дена до најмногу една година. Забраната за вршење на професија, дејност или должност може да се замени со паричен надоместок, само во случај кога прекршокот е сторен за прв пат. Паричниот надоместок претставува двоен износ од износот на одмерената глоба, кој сторителот е должен да го плати во рок од три дена од денот кој му е определен во решението.“

**Член 9**

Членот 22-а се менува и гласи:

„(1) Инспекторот за прекршоците од членот 22 од овој закон, пред да поднесе барање за поведување на прекршочна постапка, е должен на сторителот на прекршокот да му издаде прекршочен платен налог, согласно со Законот за прекршоците.

(2) Ако сторителот ја плати глобата во рок од осум дена од денот на издавањето на прекршочниот платен налог, ќе плати половина од предвидената глоба, а доколку не ја плати во предвидениот рок, овластеното службено лице ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка до надлежниот орган.

(3) Формата и содржината на прекршочниот платен налог ја пропишува министерот надлежен за работите од областа на трудот.“

**Член 10**

Во член 23 алинеите 1 и 2 се бришат.

**Член 11**

Низ целиот текст на Законот зборовите: „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите: „Република Северна Македонија“.

**Член 12**

Подзаконските акти предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 13**

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Северна Македонија да утврди пречистен текст на Законот за инспекцијата на труд.

**Член 14**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.